РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0901-1054/2
10.06. 2021 год.
ЛОЗОВО

Врз основа член 35, од Законот за Просторно и урбанистичко планирање - (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 і 16/18), и 87 став 1 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 124/15) и член 21 од Статутот на Општината (Службен гласник на Општина Лозово бр. 02/05, 29/14 и 73/17), Градоначалникот на Општина Лозово го дава следното

***С О О П Ш Т Е Н И Е***

За организрање на јавна презентација и јавна анкета по трет пат на предлог Урбанистички план за село Лозово Општина Лозово, со површина на плански опфат 120.74 Ха, изготвен од лиценцирана планерска куќа "ВИЗУРА" ДООЕЛ Струмица технички број 1948/16 од Март 2020 год.

Границата на планскиот опфат се прикажани во графичкиот прилог истакнат видно во просториите на Општина Лозово.

Јавната анкета и јавната презентација за предлог Урбанистички план за село Лозово Општина Лозово, со површина на плански опфат 120.74 Ха, изготвен од лиценцирана планерска куќа "ВИЗУРА" ДООЕЛ Стумица технички број 1948/16 од Март 2020 год. повторно ќе се спроведе со излагање на истиот на огласна табла во Општина Лозово.

Јавната анкета ќе трае 5 (пет) работни дена и тоа од 21.06.2021 година до 25.06.2021 год., секој работен ден од 7.30 до 15.30 часот, додека Јавната презентација ќе се одржи на 25.06.2021 год. во 12,00 часот во големата сала на Општина Лозово.

Заинтересираните граѓани и правни лица, од конкретното подрачје опфатено со планот во предвидениот рок, на анкетни листови изготвени од Општина Лозово, ќе можат да дадат свои забелешки и навремено да ги доставаат до Општината.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ЛОЗОВО ОПШТИНА ЛОЗОВО

***Градоначалник***
***На ОпштинаЛозово***
***Ацо Велковски***

Recoverable Signature

X Велковски

Signed by: ACO VELKOVSKI